Најпрекрасното злосторство на годината

Али Картер

Пролог

Извадок од официјалното полициско испрашување на Маргарет Чејс и Итан Вајат

25 декември

Госпоѓица Чејс: Па, се разбира дека имам негова крв на дланките.

Господин Вајат: Тоа е само мала гребнатина.

Госпоѓица Чејс: Очигледно е дека не се обидував да го убијам.

Господин Вајат: Меги е љубовџика, а не...

Госпоѓица Чејс: Ако сакав да го убијам, веќе ќе беше мртов.

Господин Вајат: Таа е толку добра личност. (*Господинот Вајат тајка со дланката врз срцето).* Токму тука.

Госпоѓица Чејс: Се разбира дека не сум навредена поради тоа што ме обвинувате за убиство. Ме навредува тоа што сметате дека не би успеала.

Господин Вајат: Станува збор за професионална гордост. Ха! Чекајте. Тоа беше шега. Може ли да запишете дека сум...

Госпоѓица Чејс: Требаше да нè разделите, знаете, нели? Ние не треба да сме заедно. Не дека сме заедно. О, не! Ние не сме *ние.* Тој е *тој,* а јас сум *јас* и ние не сме...

Господин Вајат: Колеги сме.

Госпоѓица Чејс: Претпочитам противници. Противник е многу подобар збор.

Господин Вајат: Пазарот е голем, па имаме различна... Ви спомнав ли дека ќе снимаат филм по една моја книга?

Госпоѓица Чејс: Се извинувам, но дали ние сериозно седиме тука и не правиме ништо? Дали навистина го носам овој ужасен џемпер и одговарам на бесмислени прашања додека таа...

Инспекторка Пател: Почнете од почетокот.

Господин Вајат: Јас... хм... не го разбирам прашањето.

Инспекторка Пател: Кога започна сè?

Господин Вајат: Ах, започна...

Госпоѓица Чејс: Во лифтот.

1

Пред една седмица

Кога се отвори вратата од лифтот, Меги сфати дека наскоро ќе се најде лице в лице со нејзините три најнеомилени нешта на светот:

Божиќ. Забава. И проклетиот

Итан Вајат.

Стоеше простум, а какофонијата од божиќни песни и џагор се претвори во тивок шум додека таа зјапаше во неговиот арогантен израз на лицето низ отворената врата. Го носеше неговиот заштитен знак – кожната јакна – и новогодишни светилки завиткани околу неговиот врат како шал. На главата имаше капа со Дедо Мраз, а во дланките држеше примерок од „Тивка н(м)оќ“ (Сега број 1 на листата бестселери на *Њујорк тајмс*). Фактот дека гледаше во фигура од картон, а не во вистинскиот човек, требаше да го ублажи ударот, но таа одвај се воздржуваше да не удри со тупаницата во таа негова картонска насмевка.

Најмалку што можеше да направи за себе беше да го притисне копчето за затворање на вратата од лифтот и така и ќе стореше ако не се слушнеше едно гласно: „О, Боже. Дојде!“

Во тој момент Меги сфати дека направи ужасна грешка.

Требаше да се искраде додека имаше шанса, да се спушти со лифтот. Да помине низ фоајето. Потоа да излезе на студените и раздвижени улици во централен Менхетн на точно седум дена пред Божиќ. Требаше да си замине – а така и ќе направеше ако вниманието не ѝ го одвлечеше картонскиот Итан. Сега веќе беше предоцна и две ситни дланки со зачудувачки силен стисок ја влечеа кон големиот отворен хол на „Килхејвен букс".

„Шели се обложи во пет долари дека ќе дојдеш и ти навистина си тука!" Дебора мораше да зборува погласно за да ги надвика џагорот и смеата бидејќи во тек беше вистинска забава. *Божиќна забава.* А Меги влета директно во неа. Новогодишната елка трепкаше, музиката свиреше и просторијата се вртеше. Само малку.

„Меги?" Гласот на Дебора беше потивок. Поблизок.

„Знаеш, вистинско чудо е што нема повеќе убиства за време на Божиќ."

„Еве ја пак", промрмори Дебора, но Меги не го тргаше погледот од картонскиот Итан.

„Замисли го ова. Луѓе што се мразат, напикани во врели простории со премногу алкохол. А насекаде околу нив, ножици и средства за давење."

„Средства за давење?"

„Знаеш... новогодишни светилки. Украсни ленти. Сигурна сум дека може да се нанесе значителна повреда со новогодишна гирланда." И покрај сè, Меги се расположи кога помисли на сите тие можности. „Дури и имелата е отровна."

„За кучиња", додаде Дебора.

„Ако се користи во доволно големи количини, *сите* сме кучиња", рече Меги и полека се сврти кон жената што стоеше до неа.

Дебора Клајн беше 155 сантиметри чиста моќ. Седа коса. Шанел костим. И очи кои виделе сè за време на нејзиниот 49-годишен подем од просторијата за сортирање пошта до позицијата на најопасната жена во издаваштвото.

„Го кажувам сето ова бидејќи *јас* ќе те убијам *тебе*.“

„Кој? Мене?“ Дебора ја подигна ситната дланка и ја стави на градите.

„Да, тебе! *Тоа е само ручек, Меѓи. Мораш да излезеш од куќата, Меѓи. Мора да разговараме за маркетинг, Меѓи.*“

„Прво, јас не звучам така.“

„Звучиш токму така.“

„А второ...“

„Ова е забава, Дебора. Онаму има и новогодишна елка направена од книги. Половина од членовите на маркетинг тимот пеат караоке. И...“ Меги престана да зборува кога сфати – „Ленс Ванзант носи маица која изгледа како смокинг.“

Дебора одмавна со раката. „Ленс Ванзант напиша една просечна книга пред девет години. Никому не му е гајле за Ленс Ванзант.“

„А што е со овој?“ Меги покажа кон картонскиот Итан и Дебора беше доволно учтива за да направи виновен израз на лицето.

„Ми рекоа дека не е во вистинска големина.“

Тогаш на Меги ѝ се појави една мисла. „Ах. Може ли да го земам кога ќе заврши ова? Отсекогаш сакав да научам да фрлам ножеви.“

Устата на Дебора бавно се отвори како да не знаеше што да каже, но во моментот покрај нив помина некоја жена и весело викна: „Среќен Божиќ, Меги!“

Беше нова во фирмата и Меги веднаш помисли дека името ѝ е Џен. Најверојатно беше Џен. Статистички гледано, една третина од жените во издаваштвото го носеа името Џен, но Меги веќе не можеше да размислува трезвено поради прегласната околина во која се најде по една година поминати во постојана тишина. Имаше премногу луѓе. А Меги, која никогаш не сакаше метежи и забави, почувствува како ѝ треперат дланките.

„Ајде да земеме нешто за јадење.“ Дебора ја стави дланката врз лактот на Меги. Го чувствуваше нејзиниот

допир дури и преку капутот во стилот на Џоен Вајлдер, преголем и претопол за оваа преполна просторија. Отсекогаш мислеше дека човек може успешно да исчезне во капутот, но Дебора сè уште беше тука и ѝ шепкаше нешто на увото. „Извини. Ама помина една година и си помислив... Остани барем пет минути. За мене. Извини што те измамив за да дојдеш, но навистина треба да разговараме.“

Меги почна да попушта. Веќе потроши педесет долари за воз и такси и изгуби половина ден, па можеби останувањето нема да биде толку лошо. На крајот на краиштата, таа не мораше да се вклучи *во* забавата. Мораше само да помине *низ* неа, а тоа беше сосем изводливо. Пешачеше секој ден во годината и тоа речиси триесет години. Можеше да стигне и до канцеларијата на Дебора без проблем.

Но тогаш се огласи лифтот. Вратата се отвори и одекна длабок глас. „Хо-хо-хо!“ Прво ја забележа картонската фигура. „Леле, кој е овој згоден дечко?“ Потоа ја забележа неа. „Здраво! Мило ми е што те гледам, Марси!“

Тогаш Меги почна да разгледува наоколу во потрага по украсна лента.

2

Меги порано го сакаше Божиќ. Имаше период во кој ги обожаваше новогодишните светилки, подароците и елките. Ги знаеше текстовите на најмалку триесет различни божиќни песни и ги пееше дури и во јули. Имаше џемпер со ирвас кој го носеше на училиште во понеделниците веднаш по Денот на благодарноста. (Дали носот на ирвасот се вклучуваше како светилка? Да, секако. Дали го носеше така на училиште? Се разбира.).

Дванаесетгодишната Меги печеше божиќни колачиња, организираше „Таен Дедо Мраз“ и ја тероризираше мајка ѝ со куп прашања како:

1. Зошто немаме големо семејство?

2. Зошто не го славиме Божиќ со нашето големо (замислено) семејство?

3. Дали таа замислена дружба со замисленото семејство може да се одржи на локација со постојан снег?

Но Меги беше единственото дете родено доцна во животот на родители единци. Немаше ни баби ни дедовци, а во Тексас беше претопло за снег.

Значи проблемот не беше дека Меги го мразеше Божиќ; проблемот беше дека Божиќ ја мразеше Меги. Сите ужасни нешта кои ѝ се случија во животот се одвиваа придружени со божиќни песни и светилки, па по некое време Меги почна да го сфаќа тоа лично.

Кучето ѝ избега кога имаше тринаесет години. На шеснаесет, нивниот автомобил ненадејно се запали, а следниот ден исчезнаа сите подароци од под елката. По една седмица автомобилот повторно функционираше, а Меги никогаш не праша што точно се случи.

Во четврта година средно *имаше* снег, но тоа предизвика прекин на електричната енергија во речиси половина држава, па Меги го помина празникот стуткана покрај каминот заедно со родителите, надевајќи се дека нема да им замрзне водата.

Во тој момент таа не знаеше дека тоа ќе биде последниот Божиќ што ќе го поминат заедно. Се шегуваше дека следната година ќе биде подобро – им велеше на родителите да ја чекаат да се врати од факултет пред да ја украсат новогодишната елка и да ги пакуваат подароците.

Но по дванаесет месеци, нејзините родители веќе ги немаше, Меги остана сама и...

„Морам да одам."

Дебора ја натера да седне на столот, па отиде од другата страна на бирото. „Мораш да седнеш."

„Види" – Меги почна да станува – „го ценам тоа што се обидуваш да го направиш, но навистина не сакам забави, па ајде да се сретнеме во новата година, може? Ајде..."

„Седни." Дебора не го подигна гласот. Не мораше. Кога беше само обична деветнаесетгодишна приправничка, Дебора го извлече најголемиот писател на криминални романи од купчето испратени ракописи, па луѓето слушаа дури и кога таа шепотеше. Ја слушаа и оние кои не можеа да го поднесат мирисот на бор, пеперминт и ликер од јајца.

„Имам изненадување за тебе." Дебора се потпре на нејзиниот кожен стол, па потфрли нешто врз купот ракописи натрупани врз нејзиното огромно биро. Тоа беше еден обичен коверт во форма на квадрат и со боја на лушпа од јајце, но од некоја непозната причина, Меги се плашеше да го допре.

„Ах. За жал... хм... јас, годинава не испратив божиќни честитки.“

„Ти никогаш не го правиш тоа, а не го правам ни јас. Не е од мене.“

Меги посегна по пликот и веднаш забележа дека е тежок. Хартијата беше мазна, мека и – богата. Пликот изгледаше скапо во секоја смисла на зборот. На предниот дел од ковертот беше испишано нејзиното име со најубавиот ракопис што некогаш го видела. *Госпоѓица Маргарет Чејс.*

„Па, отвори го“, ја предизвика Дебора. Меги го сврти ковертот и го отстрани восочниот печат на задната страна. Картичката во ковертот беше уште помека.

Срдечно Ве поканuваме...

„Не.“

„Не го ни прочита!“

Меги веднаш се пожали. „Ме измами да дојдам на забавата за да ме поканиш на друга?“

Дебора силно се насмеа. „Ох, тоа не е покана, мој драг Чарли. Тоа е твојот билет за фабриката за чоколадо.“

Меги ја знаеше Дебора речиси девет години, но никогаш ја немаше видено толку весела, со лукав поглед како на грабливец. Си помисли дека сигурно така изгледала и деветнаесетгодишната Дебора кога го открила првиот ракопис на Еленор Ешли од купчето ракописи на подот во просторијата за сортирање пошта. Изгледаше како жена чијшто злобен план штотуку почнал да се остварува.

„Поканета си да го поминеш Божиќ во домот на твојот најголем обожавател.“

„Дебора...“

„Во Англија!“ рече Дебора триумфално како тоа да ги правеше работите подобри, а не бескрајно полоши. „Сè е платено. Пред да ми речеш дека сум луда..“

„Луда си! Дали треба да те потсетам дека пишувам мистерии?“

„Па?“

„Па моите обожаватели сакаат убиства! И убијци! И...“

„Твојата последна книга беше за жена чијашто мачка можеше да намириса отров.“

„Еј! *Мјаутастичното злодело* помина мошне добро во Бразил“, рече Меги, но Дебора беше решителна. Во нејзиниот поглед немаше ни трага палавост, никаков шеговит сјај.

„Лично гарантирам за овој конкретен обожавател. И ти велам“ – почна да зборува потивко – „*сакаш* да се качиш на овој авион. Сигурна сум дека *умираш* од желба да се качиш на овој авион.“

Меги помина со прстите по цврстата хартија. Поканата навистина беше убава. „Не сакам да го поминам Божиќ со туѓинци“, призна таа и погледот на Дебора омекна.

„Тогаш со кого ќе го поминеш Божиќ? Бидејќи знаеш дека јас сум стара, бездушна вештица, но кога ќе помислам дека ќе останеш сама во тој минијатурен стан...“

„Имам рок.“ Меги ги употреби зборовите како штит.

„Јас сум твојот уредник и одлучив да ти го поместам рокот.“

„Ама јас...“

„Немаш ништо планирано за Божиќ, нели?“ Дебора погледна кон отворената врата. Џагорот од забавата тука се слушаше како тивок, далечен шум, но таа сепак се наведна нанапред и ги потпре рацете на бирото. Положбата на нејзиното тело навестуваше дека сака да рече *„не си го слушнала ова од мене“*. „Слушај, не сакам да ти давам лажна надеж, но следнава година ќе се случува нешто големо. Многу големо. Многу тајно. И мислам дека ти си вистинската личност за тоа. Но мораш да *се качиш на тој авион*.“

Меги го допре восочниот печат на задната страна од ковертот. „Каков обожавател плаќа меѓународен лет за да го донесе неговиот омилен автор на божиќна прослава?“

„Некој со пари и добар вкус за книги.“

„Мислам дека не е безбедно.“

„Безбедно е.“

„Не е паметно.“

„Ах“, се насмеа Дебора. „Паметно е.“

„Не е...“

„Меги. Драга. Мој најплоден и најпрофесионален автор кој го познавам, ти го кажувам ова со љубов. Ти го кажувам со најдобра намера. Ти го кажувам со искрен празничен дух: мораш да живееш малку.“

Дебора никогаш не ја насочила во погрешен правец – ниту еднаш во изминатите девет години и десетици книги. Дебора веруваше во неа. Дебора ѝ посакуваше сè најдобро. Дебора беше единственото семејство на Меги, што всушност беше потажно од немањето никакво семејство. Меги само гледаше во нејзиниот ментор, во жената која никогаш нема да ѝ биде мајка, па уморно воздивна.

„Можеби. Но тоа не значи дека морам да одам за Божиќ.“

„Добро.“ Дебора се потпре на столот. „Тогаш, какви ти се плановите за наредната седмица и за таа по неа? Планираш да седиш и да мислиш на бившиот сопруг и бившата најдобра пријателка како отвораат подароци во твојата поранешна куќа?“

Многумина би помислиле дека зборовите беа груби, но Меги ја препозна нивната суштина: тие беа предизвик и провокација. Тоа беше знак дека треба да почне да се бори, но таа одвај се насмевна и рече: „Подароци кои ги купиле со моите поранешни пари. Не заборавај го тој дел.“

Повторно го погледна ковертот, па си замисли снежни полиња и скалила украсени со зелени гирланди, божиќни хорови и коњи кои влечат санки бидејќи за Меги, очигледно, прославувањето на Божиќ во Англија беше исто како и во адаптациите на *Би-би-си*. „Не... Не треба...“

„Она што треба да го направиш, Маргарет, е да ми веруваш.“

Меги не сакаше да ѝ каже дека никогаш повеќе нема да им верува на луѓето. А особено нема да си верува себеси.

3

Пред дванаесет години

Не стануваше збор дека родителите на Меги не сакаа големо семејство. Се чини дека тие никогаш не научија како да имаат такво семејство.

Веќе беа постари кога се роди Меги и понекогаш таа се чувствуваше како да живее со персонал на ресторан кој е подготвен да го затвори локалот и да си замине дома кога таа ќе влеташе внатре на пет минути пред затворање.

Затоа воопшто не се изненади кога нејзините родители ја ставија куќата во Тексас на продажба, само две седмици откако таа се пресели во студентски дом во Њујорк. Потоа купија стан на Флорида и две колички за голф иако ниту еден од нив не знаеше да ги вози, па таа година Меги го помина Денот на благодарноста со суви сендвичи со мисиркино и надуен душек помеѓу нераспакувани кутии.

Веќе беше вратена во студентскиот дом и седеше сама во собата кога некој туѓинец ѝ се јави да ја извести за несреќата.

Беше сама кога се врати на Флорида за да ги спакува предметите од станот, да ги продаде количките за голф и да испрати десетина кутии во складиштето во близина на факултетот.

Беше сама кога момчето од управата на студентскиот дом ѝ рече: „Извини, но студентите не смеат да престојуваат во домот за време на зимскиот распуст.“

Бидејќи се ближеше Божиќ. Се разбира. Божиќ *секогаш* доаѓаше, но Меги не можеше да се врати на Флорида; а не можеше да оди ни во Тексас. Најверојатно не можеше да остане ни во складиштето каде што ги смести семејните фотографии, убавите чинии и седумдесет и седумте романи од Еленор Ешли.

„Но морам да останам овде“, го молеше претставникот на студентскиот дом кој ја гледаше преку огромниот пакет обележан со зборовите *Гирланди и срања.*

„Не смееш“, рече момчето како универзитетот да ја примил по грешка. Како да е толку глупава.

„Не. Не смеат да ме исфрлат само поради тоа што е Божиќ. Јас живеам овде. Овде е моето место на живеење.“

„Слушај, знам дека е тапа и дека родителите се никакви, но повеќето луѓе едноставно одат дома.“ Ја погледна како решението на нејзиниот проблем да беше толку очигледно и неизбежно. „Треба само да одиш дома.“

Потоа се сврте и ја премести кутијата како во неа да ја носи тежината на целиот свет – како да не постоел ниту еден студент кој носел потешко бреме од неговото – па Меги почувствува како ѝ се стега грлото.

„Што ако...“ Никогаш дотогаш не морала да ги изговори гласно тие зборови. „Што ако немаш?“ Гласот ѝ затрепери, очите ѝ се насолзија и можеби затоа тој не сфати што сака да каже кога ја погледна преку рамото.

„Што?“

„Моите родители загинаа, не можев да ги вратам количките за голф, а парите од станот ќе ми требаат за да ја платам школарината.“

Зборуваше премногу брзо – како сето тоа да беа изговори што ги слуша постојано – и одеднаш Рајан од управата престана да ја гледа како да е глупава и почна да ја гледа како да е луда. За сожалување. Но тоа беше во ред.

Во тој момент, сожалувањето ѝ беше единствениот излез.

„Не можам да се вратам дома.“ Помина со дланката преку очите за да ги задржи солзите. Кога тоа не успеа, го тргна погледот. „Јас немам дом.“

„Слушај, навистина ми е жал. Ама...“ Гласот му беше потивок, понежен. Поблизок. „Го исклучуваат греењето и електричната енергија. Нема храна. Нема *греење.* Во прашање се три седмици. Ти буквално не можеш да останеш овде.“

Беше во право, се разбира. Греењето беше најголемиот проблем, па Меги мораше да земе дел од оскудната заштеда и да оди во мотел. Или можеби Ербиенби. Можеше да побара работа со скратено работно време. Можеби подобро ќе беше да отиде до најблискиот аеродром и да се преправа дека е нечија далечна роднина со надеж дека некој ќе се сожали на неа и ќе ја однесе дома. Или тоа или...

„Можеш да дојдеш кај мене“, рече нечиј глас зад неа.

Така ја запозна Емили.

И тоа беше почетокот на сè.

Па дури и на крајот.